Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5,1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.03 – 1041 3
26-06-2024 2024 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## од констатирана состојба по извршени работни посети и спроведени извиди и анализи во предмети на Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Гостивар и на Основен суд Тетово

Со Заклучок на Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр.02-306/2 од 13.02.2023 година, формирана е Работна група при Судскиот совет која ќе изврши работни посети во Врховниот суд на РСМ, Апелациониот суд Гостивар и и Основен суд Тетово. Со Заклучокот е определено Работната група да биде во состав од тројца членови на Советот и тоа: координаторот за следење на работата на Врховниот суд на РСМ – Зоран Гераимовски, координаторот за следење на работата на Апелациониот суд Гостивар – Сашко Георгиев и координаторот за следење на работата на Основниот суд Тетово - м-р Тања Чачарова – Илиевска, а одговорен за работните посети да биде членот на Советот – Зоран Герасимовски. Работната група е задолжена во рамките на работните посети, да изврши увид и направи анализа и да ја испита состојбата во врска во врска со предметите на Врховниот суд на РСМ, Апелациониот суд Гостивар и на Основиот суд Тетово, кои се посочени во дописот на Државната комисија за спречување на корупцијата, бр.12-524/2, примен во Советот на ден 06.02.2023 година. Во дописот, ДКСК бара Судскиот совет да го испита постапувањето на судиите и основаноста на одлучувањето на судечките совети на Апелациониот суд Гостивар и на Врховниот суд при донесување на следните одлуки: Решение на Врховниот суд на РСМ Рев.1 бр.87/2019 од 20.11.2019 година; Пресуда на Апелационен суд Гостивар ТСЖ-52/20 од 30.06.2020 година; Пресуда на Врховен суд на РСМ Рев.1 бр.124/2020 од 21.01.2021 година. Ова од причина што, Државната комисија за спречување на корупцијата оформила предмет по пријава од непознат подносител во која било наведено дека на трговскиот субјект ПОЛОГ ДОО Тетово, по основ на незаконски донесена пресуда му била исплатена штета во износ од над 2.000.000 евра, заради

уништен овошен насад, кој не бил во сопственост на овој трговски субјект и кој бил насаден на земјиште кое исто така наведениот трговски субјект не го користел. На тоа земјиште била отворена ТРИЗ Тетово на која концесија била доделена на Нормак Инвестмент Груп од Кралството Норвешка, чиј капитал потекнувал од рекет на фирми од политичка партија, се наведувало во анонимната пријава до ДКСК.

Постапувајќи согласно Заклучокот, Работната група најпрво изврши увид во предметите на Основниот суд Тетово: ТС-128/11, ТС-24/2015, ТС-21/16, ТС-37/16, ТС-13/18 и ТС-5/20.

Поради случувањата во Судскиот совет во месец април и мај 2023 година, како и промената во составов на Судскиот совет во месец јуни 2023 година и оставката на членот Зоран Герасимовски, кој беше и коорддонатор на Работната група, Работна група остана без координатор и со непотполн состав.

Со Заклучок донесен од Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр. 03-306/4 од 19.07.2023 година, се изврши измена и дополнување на Заклучок на Судскиот совет донесен под бр.02-306/2 од 13.02.2023 година, така што во став 1 алинеја 1 од истиот, наместо Зоран Герасимовски, за координатор за следење на работата на Врховниот суд на РСМ е назначен членот на Советот Мирсад Суроји, а во став 1 алинеја 2, наместо за координатор за следење на работата на Апелациониот суд Гостивар наместо Сашко Георгиев, е назначен членот на Советот Весна Дамева. Во останатиот дел, Заклучокот останува неизменет.

Врз основа на Цитираниот Заклучок и Заклучок бр.03-306/5 од 19.07.2023 година, Работната група изврши работна посета на Апелациониот суд Гостивар на ден 20.07.2023 година, и меѓу другото изврши увид и во предметите: ТСЖ-268/12, ТСЖ-256/17, ТСЖ-178/18 и ТСЖ-52/20.

На ден 13.12.2023 година, Претседателот на Судскиот Совет донесе Заклучок бр. 02-306/11 од 13.12.2023 година со кој се менува составот на Работната група и за одговорно лице за работни посети на Работната група, наместо членот Мирсад Суроји, се назначува Ханиф Зендели - координаторот за следење на работата на Апелациониот суд Гостивар. Останатите два члена останаа непроменети.

По извршените работни посети и увид и анализа на списите на судските предмети врзани со пријавениот случај од ДКСК за исплата на материјална штета на трговскиот субјект ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, заради уништен овошен насад, наводно по незаконска пресуда, се констатира следната состојба:

## I.- Предмет бр. 128/11 на Основен суд Тетово

Од увид во списите на предметот се констатира дека предметот е оформен по поднесена тужба на ден 14.03.2011 година од тужителот ТДПТУУ

ПОЛОГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово против тужените Република Македонија и Дирекција за технолошко индустриски развојни зони Скопје (ДТИРЗ Скопје), основ на спорот е надомест на штета, вредност 120.000.000,00 денари.

Тужителот со тужбата бара тужените солидарно да му исплатат на име причинета штета вкупен износ од 120.000.000,00 денари која во текот на постапката ја прецизирал на штетата во вкупен износ од 103.090.986,00 денари, со камата од пресудувањето до исплатата, и тоа: причинета штета за насад од вишни во вкупен износ од 50.564.000,00 денари, за овошен насад од јаболко износ од 28.048.500.00 денари и на име надомест на штета за градежни објекти сума од 24.478.486,00 денари, а за износот од 16.909.014,00 денари го повлекол тужбеното барање.

Според наводите на тужбата, основот за надомест на штета настанал со одземање на корисничкото право со одлука на Владата на РМ од 19.06.2007 година за одземање на правото на користење на земјоделско земјиште од корисникот ЗИК ЈАГОДА Тетово во вкупна површина од 805217 метри квадратни, за да потоа истото биде доделено на второ тужениот, кој се основал со одлука на Владата на РМ од 18.05.2010 година. На второ тужениот подоцна му е дадена концесија на земјиште во сопственост на РМ-првотужениот, во вкупна површина од 967475 метри квадратни, а во кое е вклучено и предметното земјиште од 805217 метри квадратни, за кое е одземено корисничкото право на ЗИК ЈАГОДА Тетово. Според тужителот, штетата се однесува односно произлегува од одземен овошен насад и градежни објекти на тужителот, кои се наоѓале на предметната локација, а поради неможност истиот да стопанисува со нив поради изградба на индустриската зона.

По одржаната главна, јавна и усна расправа и изведените докази во текот на расправата, на ден 16.03.2012 година донесена е пресудата ТС-128/11 со која тужбеното барање на тужителот, тужените солидарно да му исплатат на име причинета штета за насад од вишни износ од 50.564.000,00 ден., за овошен насад од јаболко износ од 28.048.500,00 ден. и на име надомест на штета за градежни објекти износ од 24.478.486,00 ден. или вкупно на име надомест на штета износ од 103.090.986,00 ден., СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Во образложението на пресудата се наведени образложени причини поради кои судот го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот. Судот постапувајќи во границите на поставеното тужбено барање и основот на истото, од изведените докази и утврдената фактичка состојба оценил дека со ниту еден доказ тужителот не докажал дека нему му е одземено корисничкото право на предметоното земјиште, ниту пак докажал дека тој е правен следбеник на ЗИК ЈАГОДА Тетово, кој бил запишан како корисник на земјиштето и од кого со одлука на Владата од 19.06.2007 година е одземено корисничкото право. По наоѓање на овој суд, наводите на тужителот дека тој го користел одземеното земјиште како правен следбеник на ЗИК ЈАГОДА Тетово, не се потврдени со доказите кои ги доставил самиот тужител. Напротив, од доставените докази (преписки помеѓу тужителот и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Владата на РМ), произлегувало дека тужителот признава

дека немал корисничко право на одземеното земјиште што тој го владеел, иако барал од ресорното министерство да склучи договор за негово користење согласно член 65 од Законот за земјоделско земјиште („СЛ.весник на РМ" бр.135/07), сепак нема доказ дека е склучен договор за закуп на предметното земјоделско земјиште сопственост на првотужениот - РМ. Во однос на наводите на тужителот дека е правен следбеник на ЗИК ЈАГОДА Тетово, исто така не доставил докази од кои со сигурност би се утврдил тој факт, односно по наоѓање на судот, тужителот требало тоа да го докаже овој факт со прибавување на доказ историјат со промени на овој правен субјект од кој со сигурност би се докажало дека е негов правен следбеник. Исто така, тужителот не докажал ниту дека е сопственик на објектите и насадите, истиот никогаш не бил упишан во јавните книги како нивен спственик. Во таа насока, според судот, доколку цени тужителот дека бил сопственик на кого му се одземени предметните парцели од владение или сопственост од страна на првотужениот РМ, би можел да бара соодветен надоместок, во соодветна постапка, според одредбите од Законот за експропријација.

По оценка на судот, тужителот не докажал во конкретниот случај ниту дека е оштетен, ниту на кој начин е оштетен, односно не ја докажал причинско-последичната врска помеѓу штетното дејствие и последиците од истото за да тужителот се смета за оштетен, бидејќи од увид на лице место судот неспорно констатирал дека со овошните насади и недвижниот имот – објектите, непречено располагал, стопанисувал и владеел тужителот. Тужителот не докажал со ниеден доказ со кое дејствие предметниот имот е намален и со кое дејствие претрпел испуштена корист, во ниеден момент точно не прецизирал и не навел на кои парцели каква штета претрпел, со какво штетно дејствие е настаната штетата, какви насади се уништени, во кој вид и количина, ниту докажал дека причинители за штетата се токму тужените.

По наоѓање на судот, основан е приговорот за немање на пасивна легитимација на страна на прво тужениот РМ, од причина што тој е сопственик на предметното земјиште, а што произлегло од изведените докази. Како сопственик на земјиштето, единственото дејствие што го превземал прво тужениот РМ било одземањето на корисничкото право на земјоделско земјиште од ЗИК ЈАГОДА Тетово, односно од друг субјект, а не од тужителот. Од друга страна, од увидот на лице место произлегло дека тужителот го владее и располага со земјиштето, објектите и овошните насади, па во таа смисла истиот не докажал со што, односно со кое штетно дејствие прво тужениот му предизвикал штета и во што се состои штетата.

Исто така, судот го оценил како основан приговорот за застареност на тужбеното барање, бидејќи правото за надомест на штета согласно одредбите на ЗОО застарува по истекот на три години од настанување на штетата. Во случајов, тужителот смета дека претрпел штета во моментот кога прво тужениот РМ ја донел одлуката за одземање на предметното земјиште од ЗИК ЈАГОДА Тетово на 19.06.2007 година, а тужбата тужителот ја поднел на ден 14.03.2011 година, односно по истекот на рокот од три години од моментот кога смета дека настанала штетата.

Судот го оценил како основан и приговорот за немање пасивна легитимација на страна на второтужениот, бидејќи тужителот не докажал со кое дејствие на второ тужениот претрпел штета обична и испуштена корист, во што се состои намалување на имотот и спречување на неговото зголемување, со оглед на фактот што тужителот непречено го владее имотот, објектите, насадите и земјоделската механизација и стопанисува со истиот. Тужителот не прецизирал каква штета му нанел второ тужениот, на која парцела, колку овошни насади му уништил, по вид и количина.

**Предметот ТСЖ-268/12 на Апелациониот суд Гостивар** е оформен по жалба на тужителот ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово против пресудата на Основен суд Тетово ТС-128/11 од 16.03.2012 година.

При извршената работна посета во Апелациониот суд Гостивар, Работната група е информирана дека предметот е поништен по пат на лачење согласно Судскиот деловник поради протек на долг временски период од завршување на истиот. Од тие причини, на Работната група и беа доставени податоци за предметот кои беа извадени автоматизораниот систем – АКМИС и тоа за: судија известител кој постапувал, датум на прием на предметот во Судот и датум кога е доделен на судијата известител, датум на верификација на одлуката и времетраење на постапката. На Работната група и беше доставена и копија од Пресудата ТСЖ-268/12. Видно од податоците во АКМИС-от и пресудата, истата е донесена на нејавна седница одржана на 18.06.2013 година, а верифицирана на ден 28.06.2013 година. Со второстепената пресуда, жалбата на тужителот е одбиена, првостепената пресуда на Основен суд Тетово ТС-128/11 од 16.03.2012 година е потврдена.

Според наоѓање на второстепениот суд, неоснован е жалбениот навод за сторени суштествени повреди на одредбите од член 343 став 2 т.13 од ЗПП, од страна на првостепениот суд не е сторена ниту една суштествена повреда на одредбите од член 343 став 2 од ЗПП, првостепената пресуда е јасна, разбирлива, без противречности помеѓу образложението и изреката, истата е со доволно причини за решителните факти, а утврдените факти произлегуваат од изведените докази, поради што пресудата може во целост да се испита.

Второстепениот суд го оценил како неоснован и жалбениот навод за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. По оценка на овој суд, првостепениот суд правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба.

По однос на останатите жалбени наводи, а кои се однесуваат за приговорите за немање на пасивна легитимација на страна на тужените и приговорот за застареност на тужбеното барање, а по однос на кои приговори првостепениот суд оценил дека се основани, според второстепениот суд, со оглед на тоа што со обжалената пресуда е одбиено тужбеното барање на тужителот како неосновано, а правните последици во однос на поставеното тужбено барање биле исти, смета дека овие жалбени наводи се ирелевантни за поинакво одлучување.

**Со Одлука на Врховниот суд на РМ, Рев.1 бр.362/13 од 17.12.2014 година**, изјавената ревизија на тужителот поднесена против пресудата ТСЖ-268/12 на Апелациониот суд Гостивар е одбиена како неоснована, потврдени се второстепената и првостепената одлука.

II- **Предметот ТС-24/2015 на Основен суд Тетово** е оформен по трета тужба поднесена од тужителот ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово против исти тужени: првотужен - Република Македонија и второтужен - Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони, за надомест на штета, вредност на спорот 80.6147.24,00 денари.

Основниот суд Тетово со Решение ТС-24/2015 од 08.07.2015 година, постапувајќи по тужбата на тужителот, истата ЈА ОТФРЛИЛ поради правосилно пресудена работа. По наоѓање на судот, во конкретниот случај, видно од списите на предметот, како и пресудата ТС. бр.128/11 од 16.03.2012 година, судот одлучил дека за истата правна работа, меѓу истите странки веќе било одлучено правосилно, првостепената пресуда била потврдена со пресуда на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ. Бр. 268/12 од 18.06.2013 година, а со одлука на Врховниот суд на РМ Рев.1 бр.362/13 од 17.12.2014 година, ревизијата поднесена од тужителот била одбиена како неоснована, второстепената и првостетената пресуда, горе цитирани, се потврдени.

**Предмет ТСЖ-336/2015 на Апелационен суд Гостивар** е оформен по жалбата на тужителот поднесена преку полномошник Зоран Илијевски, , адвокат од Тетово и жалбата на тужителот поднесена преку полномошник Вулнет Пачуку, адвокат од Скопје, двете изјавени против Решението на Основниот суд Тетово ТС-24/2015 од 08.07.2015 година.

Апелациониот суд Гостивар одлучувајќи по изјавените жалби, на нејавна седница одржана на ден 18.03.2016 година донел Решение ТСЖ-336/2015 со кое изјавените жалби СЕ УВАЖУВААТ, Решението на Основниот суд Тетово ТС-24/2015 од 08.07.2015 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување.

По наоѓање на второстепениот суд, жалбите на тужителот се основани од следните причини:

Судот внимавајќи по службена должност на сторени суштествени повреди на одредбите од парничната постака од член 343 став 2 точка 14 од ЗПП, нашол дека таквите повреди се сторени, обжаленото решение било нејасно, неразбирливо и не содржело доволно решителни факти од кои се раководел првостепениот суд при одлучувањето. Според второстепениот суд, првостепениот суд не утврдил со сигурност дали во конкретниот случај можат да најдат примена одредбите од член 322 став 2 од ЗПП, односно тужбата на тужителот да се отфрли како пресудена работа. Второстепениот суд смета дека

за да биде уважен приговорот за пресудена работа и да биде оправдан, било потребно со поранешната пресуда да е одлучено за исто тужбено барање, засновано на истиот животен настан во минатото и помеѓу истите странки, односно нивните правни наследници, односно решавачки бил идентитетот на конкретниот настан гледан објективно, а не од значење на претходната или новата правна квалификација на тој настан што му ја дава странката на своето барање. Судот за да ја отфрли тужбата поради пресудена работа требало да постои идентитет на странките и идентитет на предметот на спорот во предметот на Основниот суд Тетово ТС.бр.128/11 во кој предмет била донесена првостепената пресуда ТС.128/11 од 16.03.2012 година, потврдена со пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ бр. 268/12 од 18.06.2013 година и во предметот по новата тужба ТС-24/2015 на Основен суд Тетово. Исто така, требало со сигурност да се утврди дали животниот настан објективно е ист, дали фактичката состојба во време на донесување на пресудата на Основниот суд Тетово, ТС.бр.128/11 е иста како фактичката состојба која тужителот ја предлага со предметната тужба, или има нови факти кои настанале по донесување на пресудата на Основниот суд Тетово, ТС.бр.128/11. Во конкретниот случај, второстепениот суд оценил дека првостепениот суд не дал доволно убедливо образложени причини дека во конкретниот случај се работи за пресудена работа, при што сторил суштествени повреди на одредбите на ЗПП во смисла на член 343 став 1 и став 2 точка 14 од ЗПП. Од тие причини, овој суд ги уважил жалбите на тужителот, обжаленото решение на Основен суд Тетово, го укинал и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд со напатствија да се имаат во предвид горе образложените забелешки и во повторената постапка да се отстранат констатираните суштествени повреди, па потоа имајќи ги предвид одредбите од член 322 од ЗПП, со сигурност да утврди дали станува збор за пресудена работа.

**Предмет ТС-21/16 на Основен суд Тетово**

Основниот суд Тетово, постапувајќи по тужбата поднесена од тужителот ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово против тужените Република Македонија и Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони, по основ надомест на штета, вредност на спорот 80.6147.24,00 денари, следејќи ги напатствијата на Апелациониот суд Гостивар дадени во Решението ТСЖ. Бр.336/2015 од 18.03.2016 година и по извршениот увид во списите на предметот ТС-128/11 на Основен суд Тетово, согласно член 322 став 2 од ЗПП, донел Решение ТС-21/16 од 15.04.2016 година со кое, тужбата на тужителот ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово против тужените Република Македонија и Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони, за надомест на штета, вредност на спорот 80.6147.24,00 денари, СЕ ОТФРЛА ПОРАДИ ПРАВОСИЛНО ПРЕСУДЕНА РАБОТА. Со цитираното решение, Основниот суд Тетово утврдил дека конкретниот спор е помеѓу исти странки и предметот на тужбата се однесува на иста правна работа за која веќе е одлучено со пресудата на Основниот суд Тетово ТС-128/11 од 16.03.2012 година, потврдена со пресудата на

Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-268/12 од 18.06.2013 година, односно постои идентитет на странките и на предметот на спорот.

**Предмет ТСЖ-184/16 на Апелационен суд Гостивар**

Предметот е оформен по изјавени жалби од тужителот преку полном. Зоран Илијевски адв. од Тетово и полном. Адв. Вулнет Пачуку од Скопје, против Решението на Основ. Суд Тетово ТС-21/16 од 15.04.2016 година.

На денот на работната посета на Судот, Работната група доби информација дека и предметот ТСЖ-184/16 на Апелациониот суд Гостивар е поништен поради старост, со лачење на списит, па од тие причини добиените податоци за истиот се извадени од автоматизираниот компјутерски систем, кои Работната група ги прими на денот извршената работна посета во судот. Доставена е и копија од Решението на Апелационен суд Гостивар, ТСЖ-184/16 од 26.10.2016 (донесено на нејавна седница) со кое жалбите на тужителот СЕ УВАЖУВААТ, Решението на Основ. Суд Тетово ТС-21/16 од 15.04.2016 г. СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно постапување.

Во образложението на второстепената одлука како причини се наведува дека со обжаленото решение сторени се суштествени повреди на одредбите од член 343 став 2 од ЗПП поради кои обжаленото решение е нејасно, неразбирливо, противречно, без доволно образложени причини за решителните факти, па истото не може со сигурност да се испита.

По наоѓање на второстепениот суд, во конкретниот случај не се работи за пресудена работа бидејќи видно од списите во предметот ТС.бр 21/16 и ТС.бр.128/11 на Основниот суд Тетово можело да се утврди дека тужбите не се поднесени врз основа на ист животен настан во минатото, поточно тужбата по која бил заведен предметот ТС.бр.128/11 била поднесена поради превземени дејствија на тужените пред поднесување на тужбата (14.03.2011 година), додека предметната тужба е поднесена поради евентуално превземени дејствија на тужените во текот на 2013 и 2014 година. Според второстепениот суд, фактичката состојба во време на донесување на пресудата на Основниот суд Тетово ТС-128/11 од 16.03.2012 година е различна со фактичката состојба која тужителот ја предлага со предметната тужба. Поради тоа, првостепениот суд бил должен во конкретниот случај, наместо да ја отфрли тужбата поради пресудена работа, да донесе мериторна одлука со која ќе утврди основаноста или неоснованоста на поставеното тужбеното барање, односно да одлучи дали со дејствија преземени од тужените на тужителот му е нанесена евентуална штета.

Второстепениот суд го оценил како основан и жалбениот навод за погрешна примена на материјалното право.

**Предмет ТС.бр.37/2016 на Основен суд Тетово.**

Основниот суд Тетово постапувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство на јаболка, полјоделство, трговија, угостотелство и услуги ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово со ЕМБС 4200489, против тужените Република Македонија и Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони за надомест на штета, вредност на спорот 80.6147.24,00 денари, на ден 14.09.2017 година донел пресуда ТС-37/16 со која тужбеното барање на тужителот да се задолжат солидарно тужените да му платат на име причинета штета за уништен овошен насад во износ од 48.825.000,00 денари, уништен овошен насад од јаболка во износ од 10.125.000,00 денари на површина од 89 ХА на м.в. Рупа КО Сараќино простор наменет за градба на ТИРЗ и за срушени градежни објекти и оградна ограда во износ од 21.664.724,00 денари или во вкупен износ од 80.614.724,00 денари со законска казнена камата во висина на референтна стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходела на тековното полугодие зголемена за 10% поени сметано од денот на поднесување на тужбата до конечна исплата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Првостепениот суд врз основа на изведените докази утврдил фактичка состојба дека тужителот како посебен правен субјект во правниот промет е правен следбеник на ЗИК Јагода Тетово, кој во 1965 година, видно од решението на Окружниот Суд Скопје бр. 156/65 од 13.03.1965 год. е регистриран како Земјоделски Комбинат ПОЛОГ Тетово, за да потоа имало спојување на ЗЗ Вардар Брвеница и Борец Лешок во нова Стопанска организација ЗИК Тетово како претпријатие во општествена сопственост за производство на јаболка и полјоделство, за да во 2002 година е извршено негово усогласување во ПОЛОГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, во сопственост на тужителот со целокупната негова актива и пасива овошен насад и градежни објекти подигнати во површина од 967475 м2 на м.в. Рупак КО Сараќино опишан во ИЛ бр.1196 на кој имало подигнато градежни објекти, оградено со ограда од бетонски столбови и плетена жица погоре наведената површина со кое земјиште стопанисувал претходникот а сега тужителот. Понатаму утврдил дека тужителот по извршената приватизација согласно Законот за користење на земјоделско земјиште побарал од надлежното министерство да се склучи договор за закуп, но не добил повратен одговор, а надлежното министерство донело одлука за трајна пренамена на предметното земјиште од земјоделско во градежно земјиште со одлука за прогласување на економска зона донесена од Владата на РМ бр.51274/1 од 15.05.2011 година, а по претходно одземање на правото на користење на земјиштето од ЗИК Јагода Тетово. Во 2013 година тужените склучиле договор за јавно приватно партнерство со друштво за инвестиции НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРУП Тетово под ОДУ бр.69/13 од 05.04.2013 год. со кој на приватниот партнер му го пренесуваат правото да изгради, управува и гоиздава земјиштето, кој пак во текот на 2014 година, во рамките на склучениот договор превзел дејствија на градење внатре во зоната со што ги уништил овошните насади, градежните објекти и оградата, сопственост на тужителот, со што му нанел штета.

При вака утврдена фактичка состојба нашол дека тужбата е неоснована. Подолу во образложението ги цитира одредбите од Законот за облигациони односи (член 141, 142 и 145), па предвид истите оценил дека не биле исполнети потребните услови за да постои облигационо правен однос од причинување на штета, односно да биде причинета штета, да постои субјект штетник, оштетен, причинско последична врска помеѓу штетното дејствие и штетата и да постои вина, што не било случај во конкретниот предмет. Имено, судот утврдил дека тужителот не докажал дека е легитимиран за водење на оваа постапка, ниту дека е оштетен во истата, исто како што се утврдило и во пресудата на Основен суд Тетво ТС-128/11 од 16.03.2012 година, потврдена со пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-268/12 од 18.06.2013 година и одлука на Врховниот суд Рев 1-362/13 од 17.12.2014 година.Ова затоа што, од пријавата Трег.бр.1670/2002 од 09.07.2002 година судот утврдил дека сега тужителот не е правен следбеник на ЗИК Тетово, туку е ново настанат субјект формиран и упишан во регистарот како Друштво ПОЛОГ ДООЕЛ од страна на основач АД Индустриски Ладилник со дејност надворешна трговија со прехрамбени производи и напредување на увоз на стоки и услуги.

Од потврдата од Агенцијата за приватизација на општествениот капитал на РМ од 21.02.2002 година е утврдено дека капиталот на претпријатието ПОЛОГ ДОО Тетово (правен следбеник на ЗИК Јагода Тетово) е траен влог на доверителот АД Индустриски Ладилник.

Од Имотниот лист бр.1196 за КО Сараќино утврдено е дека носител на правото на сопственост на предметното земјиште е Република Македонија.

Предметната недвижност, која се утврдило дека е во сопственост на РМ, претходно била користена од ЗИК Јагода Тетово. Видно од одлуката на Владата на РМ од 19.06.2007 година со која е одземено правото на користење на предметното земјоделско земјиште, како и барањето за бришење на корисничко право од 18.03.2008 година, одземено е корисничкото право на ЗИК Јагода Тетово, што значи на друг субјект, а не на сега тужителот. Од изведениот доказ – одговорот од Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство од 11.09.2007 година утврдено е дека сега тужителот нема склучено договор за закуп, согласно Законот за земјоделско земјиште, со ЗИК Јагода Тетово. Напротив, од изведениот доказ - барањето бр. 0335 од 03.02.2004 година судот утврдил дека тужителот поднел барање за склучување на договор за закуп до надлежното министерство, но таков договор не бил склучен.

Како корисничкото право било одземено од ЗИК Јагода Тетово, кој субјект бил корисник на земјиштето и објектите, по наоѓање на судот доколку и била сторена штета, оштетен би бил ЗИК Јагода Тетово, а тужителот со ниту еден доказ не докажал дека е негов правен следбеник, ниту пак доставил докази за трансформација на општествениот капитал сопственост на ЗИК Јагода во сопственост на сега тужителот ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово.

Од изведениот доказ - решението за давање согласност за трајна пренамена од 01.07.2009 година на Владата на РМ, судот утврдил дека извршена е трајна пренамена на предметното земјиште од земјоделско во градежно и прогласено

е за технолошко индустриско развојна зона КО Сараќино Тетово. Дејствијата што ги превзеле тужените, односно прво тужениот како основач на ТИРЗ претставуван од второ тужениот кој склучил договор за јавно приватно партнерство со Друштво за инвестиции Нормак Инвестмен Груп за користење и изградба на предметното земјиште за развој и управување на ТИРЗ, а кој факт бил потврден од изведениот доказ – договорот ОДУ бр.69/13 од 05.04.2013 година, превземени се согласно донесените одлуки од страна на Владата и согласно Законот за земјоделско земјиште, и нема правно релевантна причинска врска за нанесување на штета на тужителот.

Поради погоре наведеното, судот оценил дека наводите на тужителот дека истиот го тужи прво тужениот од причини што одбил да потпише договор за долгорочен закуп, а второ тужениот дека непосредно стопанисувал со предметното земјиште и му нанел штета, се целосно неосновани поради што и одлучил како во изреката на пресудата.

**Предмет ТСЖ-256/17 на Апелациониот суд Гостивар**

Предметот е оформен по жалба на тужителот против Пресудата на Основниот суд Тетово бр.37/16 од 14.09.2017 година, изјавена по сите основи.

Во обвивката на списите на предметот се наоѓа:

- Жалба од тужителот изјавена преку полном. Зоран Илијевски адв. од Тетово;
- Пресуда на Основен суд Тетово ТС-37/16 од14.09.2017 година;
- Придружен извештај од Основен суд Тетово до второстепен суд по повод жалба по предмет ТС-37/16, примен во Апелационен суд Гостивар на ден 03.11.2017 г. со податоци: жалба од тужител од 10.10.2017 г. примена во првостепениот суд на 13.10.2017 г., одговор на жалба од ДП Тетово од 27.10.2017 г.;
- Решение на Апелационен суд Гостивар ТСЖ-256/17 од 18.05.2018 г. донесено на нејавна седница, со која жалбата на тужителот се уважува. Пресудата на Основен суд Тетово ТС-37/16 од 14.09.2017 година СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на постапување и одлучување на првостепениот суд. Земена е копија од ова решение и
- Пропратно писмо од Апелационен суд Гостивар до Основен суд Тетово од 21.05.2017 г. за враќање на предмет и достава на второстепеното решение.

Апелациониот суд Гостивар одлучувајќи по жалбата донел решение ТСЖ.бр.256/17 од 18.05.2018 година со кое жалбата на тужителот СЕ УВАЖУВА, Пресудата на Основен суд Тетово бр.37/16 од 14.09.2017 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.

Апелациониот суд Гостивар нашол дека се основани жалбените наводи за сторени суштествени повреди на одредбите од член 206 ст.2, 283 ст.1 и 285

в.в. со член 116 ст.2 од ЗПП, од причина што не биле изведени сите предложени докази, а воедно првостепениот суд не донел решение зошто не ги прифатил и извел сите предложени докази. Како последица на сторените суштествени повреди на одредбите од ЗПП, второстепениот суд го оценил како основан и жалбениот навод за неправилно и нецелосно утврдена фактичка состојба, во однос на делот кој се однесува на легитимитетот на тужителот во овој спор да биде странка во постапката и на настанувањето на штетата.

Во таа смисла, нелогично и контрадикторно е за второстепениот суд што првостепениот суд иако земал за утврдено дека тужителот како посебен правен субјект во правниот промет е правен следбеник на ЗИК Јагода Тетово, потоа да констатира дека врз основа на изведените докази не се докажало дека истиот е правен следбеник на ЗИК Јагода Тетово, од кој е одземено корисничкото право и дека е оштетен во постапката, од причини што се утврдило дека истиот претставува самостоен правен субјект, новонастанат, односно новоформирано друштво од АД Индустриски ладилник.

Второстепениот суд оценил дека погрешно е применето и материјалното право од страна на понискиот суд во однос на фактот дали тужителот имал договор за закуп со надлежното министерство, односно членот 62 од Законот за земјоделско земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.25/98 од 04.06.1998 година), со кој е регулиран начинот на користење на земјоделско земјиште и престанок на правото на користење и владение по основ на бришење на корисничко право; понатаму член 1 и член 2 од истиот закон; Законот за измена и дополнување на Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на РМ“ бр.02/4 од20.01.2004) и тоа член 8 со кој се менува член 26, член и член 17, како и член 65 Законот за земјоделско земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.0135/07 од 08.11.2007 година.

Според второстепениот суд, при повторно одлучување првостепениот суд да ги има во предвид укажувањата на повисокиот суд, да ги изведе предложените докази и врз основа на анализа на истите да го утврди со сигурност легитимитетот на тужителот во постапката, како станал сопственик на овошниот насад и објектите за кои се бара штета, а со оглед на фактот дека истиот цело време стопанисувал со нив, па потоа да утврди каква штета е настанта и кој е причинител на штетата во конкретниот случај и со какви дејствија, дали се причинители двајцата тужени или само првотужениот кој со одлуката на Влада на РМ му го одземал корисничкото право, или само вторуженкиот кој вршел работи од надлежност на основачот на зоната – РМ и во негово име, па дури потоа врз основа на вешташење ја утврди и висината на евентуално настанатата штета и на крај, да донесе правилна и законита одлука.

**Предмет ТС-13/18 на Основен суд Тетово**

Предметот е оформен по тужба на тужителот Друштво за производство на јаболка, полјоделство, трговија, угостотелство и услуги ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово со ЕМБС 4200489, против тужените Република Македонија застапувана од ДП и

Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони за надомест на штета, вредност на спорот 80.6147.24,00 денари.

Судот по одржаната расправа, на ден 26.09.2018 година донел Пресуда ТС-13/18 со која тужбеното барање на тужителот да се задолжат солидарно тужените да му платат на име причинета штета за уништен овошен насад во износ од 48.825.000,00 денари, уништен овошен насад од јаболка во износ од 10.125.000,00 дененри на површина од 89 ХА на м.в. Рупа КО Саракино простор наменет за градба на ТИРЗ и за срушени градежни објекти и оградна ограда во износ од 21.664.724,00 денари или во вкупен износ од 80.614.724,00 денари со законска казнена камата во висина на референтна стапка на НБРМ што за секое полугоди важела на последниот ден од полугодието што му претходела на тековното полугодие зголемена за 10% поени сметано од денот на поднесување на тужбата до конечна исплата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Во образложението на Пресудата се наведува дека при постапувањето и одлучувањето Судот постапувал по напатствијата на Апелациониот суд Гостивар дадени во Решението ТСЖ-256/17 од 18.05.2018 година.

По наоѓање на судот, од изведените докази не се утврдила причинската врска помеѓу тужените и тужителот за да тужените одговараат за настан што претставува штета, ниту пак се утврдил оштетен во постапката за да постои одговорност за надомест на штета поради штетни дејствија од страна на штетник. Тужителот не докажал со ниту еден доказ дека е оштетен во постапката од причина што од сите изведени докази се утврдило дека истиот претставува самостоен новоформиран правен субјект, основан од страна на АД Индустриски Ладилник. Предметната недвижност, сопственост на РМ била користена од ЗИК Тетово чие корисничко право престанало да постои со одлука на Министерството за Земјоделство и Шумарство, а што било потврдено од Известието од 10.04.2008 година, од што произлегувало дека корисник на земјиштето чие корисничко право веќе престанало, е друг субјект, а не сега тужителот. Тврдењата на тужителот дека истиот е следбеник на ЗИК Тетово па од тука и правото за надомест на штета, по наоѓање на овој суд, биле целосно неосновани.

По однос на тврдењата на тужителот дека тужените вршеле противправни дејствија судот утврдил дека по донесената одлука од страна на Владата на РМ од 19.06.2007 година со која е одземено правото на користење на земјоделското земјиште со кое е опфатено и предметното земјиште на кое е извршена пренамена во градежно земјиште, а потоа е прогласено за технолошко индустриско развојна зона во Тетово, дејствијата што понатаму ги превземале тужените биле согласно законски донесени одлуки од Владата на РМ, склучениот договор ОДУ бр.69/13 од 05.04.2013 година и согласно Законот за земјоделско земјиште, па со тоа и немало релевантна причинска врска за нанесување на штета на тужителот.

Наводите на тужителот дека со градбата на економската зона му била причинета штета и по однос на овошниот насад и по однос на градежните објекти чиј сопственик бил истиот, судот ги оценил како неосновани, бидејќи тоа се

докажало и со извршените вештачења изготвени врз основа на записник и извештај , изготвени во претходно водената постапка ТС-128/11 на овој суд, која е правосилно завршена со Пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-268/12 од 18.06.2013 година, двете потврдени со одлуката на Врховниот суд на РСМ-Рев.1 бр.362/13.

**Предмет ТСЖ-178/18 на Апелационен суд Гостивар**

Предметот е оформен во Апелациониот суд Гостивар по жалба на тужителот против пресуда на Основ.суд Тетово ТС-13/18 од 26.09.2018 година. Станува збор за спор помеѓу истите странки, по исти основ и иста вредност на спорот 80.614.724,00 ден.,.

Во обвивката на списите на предметот се наоѓа:

- Придружен извештај од Основен суд Тетово за достава на предмет по жалба, примен во Апелационен суд Гостивар на 13,11.2018 г. со: Пресуда на Основ. Суд Тетово ТС-13/18 од 26.09.2018 г. и Жалба од тужителот преку полном. Адв. Бујар Сабриу од Тетово против Пресуда на Основ. Суд Тетово ТС-13/18 од 26.09.2018 година;
- Решение ТСЖ-178/18 од 22.01.2019 година за ЗАКАЖУВАЊЕ расправа пред Апелационен суд Гостивар за ден 06.02.2019 год., на која да се повикаат: полномошникот на тужителот, адв. Бујар Сабриу од Тетово, полном. на првотужениот-РСМ, ДП Тетово и полном. на второтужуниот, адв. Флора Илковска од Скопје со најава дека на расправата ќе се изведат доказите, изведени во текот на постапката пред првостепениот суд;
- Повратници за прием на покана испратена на 23.01.2019, примена од ДП Тетово на 24.01.2019, примена од адв. Флора Илковска на 29.01.2019 год.;
- Доказ од автоматизираниот систем (АКМИС) за електронска достава на покана за расправа на адв. Бујар Сабриу од 23.01.2019 г. и прием на покана од истиот на 24.01.2019 г.;
- Полномошно од второтужен ДТИРЗ за адв. Јовица Страшевски од Скопје,
- Записник за расправа пред совет на Апелационен суд Гостивар од 06.02.2019 г;
- Записник за советување и гласање, во коверт, од 06.02.2019 год.;
- Записник од рочиште за објавување на пресуда од 13.02.2019 год.;.
- Пресуда ТСЖ-178/18 од 06.02.2019 година;
- Придружен извештај од Основен суд Тетово преку Апелационен суд Гостивар до Врховен суд, примен во Апел.суд Гостивар на 26.04.2019 год.;
- Допис од Апелационен суд Гостивар, ТСЖ-178/18 од 30.04.2019 г. до Врховен суд за достава на предмет по ревизија против пресуда ТСЖ-178/18 од 06.02.2019 година;
- Достава на предмет Рев.1-87/2019 од 03.12.2019 год. од Врховен суд до Апелационен суд Гостивар, примен во Апелационен суд Гостивар на 16.01.2020 год. со: Решение на Врховен суд Рев.1-87/2019 од 03.12.2019 год.

- Пропратно писмо од Апелационен суд Гостивар до Основен суд Тетово за враќање на предмет ТС-13/18 со ревизиското решение.

Апелациониот суд Гостивар, одлучувајќи по жалбата на тужителот изјавена против Пресудата на Основниот суд Тетово ТС.бр.13/18 од 26.09.2018 година, на јавна седница одржана на ден 06.02.2019 година, на која биле изведени предложените докази, донел Пресуда ТСЖ.бр.178/18 со која жалбата на тужителот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА, обжалената пресуда СЕ ПОТВРДУВА.

Предмет на оценка на овој суд биле жалбените наводи на тужителот дека првостепениот суд погрешно ја утврдил фактичката состојба бидејќи како одлучувачки го зел доказот – пријавата Трег.бр.1670/2002 од 09.07.2002 година, според која првостепениот суд погрешно утврдил дека тужителот е новоформирано друштво со назив ПОЛОГ ДООЕЛ, формирано од основач АД Индустриски ладилник, што не било вистинито. Ова од причина што, како наведува тужителот, во пријавата во графата „Предмет на уписот“ јасно се гледало дека предмет на пријавата е усогласување на друштвото согласно ЗТД, како законска обврска, а не формирање на ново друштво, нов субјект. Според наводите во жалбата, судот со овој доказ требало да го поврзе доказот од претходната регистрација Срег.бр.272/91 од 24.01.1991 година, со кој се потврдувал правниот континуитет на тужителот, а првостепениот суд немал дадено ни анализа за овој доказ, иако тужителот доставил докази од кои со сигурност се докажувало дека е правен следбеник на ЗИК Јагода во ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово. Според наводите во жалбата, неспорно било дека земјиштето на кое биле подигнати насадот и градежните објекти, се сопственост на државата, но тоа и така не било предмет на тужбата. Неспорен бил и фактот дека и насадот и објектите се сопственост на тужителот, а првотужениот преку неговите органи и тела извршил пренамена на земјоделското земјиште во градежно, го дефинирал просторот и го прогласил за технолошко индустриско развојна зона во Тетово, а потоа и дозволил градба на зоната со што, на тужителот му било оневозможено да ги користи и стопанисува со насадот и објектите. Овие факти биле неспорно утврдено од изведените докази во текот на постапката. При ваква неспорно утврдена фактичка состојба во овој дел, не можело да се оспорува правната и фактичката положба дека во конкретниот случај штетник е првотужениот поради превземените дејствија, погоре наведени, како и второтужениот кој превземал дејствија со кои им овозможил на трети лица да превземаат дејствија на градба и располагање со предметното земјиште на кое биле подигнати насадот и објектите, без претходно да се расчистат имотно-правните односи со тужителот, а воедно го оневозможил тужителот да пристапи до насадот и објектите и да стопанисува со истите. На тој начин, жалителот тврди дека неспорно се докажува, причинско последичната врска помеѓу штетникот и настанатата штета што ја трпи тужителот.

Ваквите жалбени наводи по наоѓање на Апелациониот суд Гостивар се неосновани, тужителот немал законска основа да бара надомест на штета бидејќи правилно утврдил првостепениот суд дека истиот нема легитимација за водење на предметниот спор, не докажал дека тужените се виновни за

настанување на евентуална штета, не докажал најпривн дека тужените се штетници, односно дека се виновни за евентуалната штета, ниту ја докажал причинско последичната врска помеѓу дејствијата превземани од тужените и настанување на штетата.

**Предмет Рев.1-87/2019 на Врховниот суд на РСМ,** оформен по изјавена ревизија од тужителот преку полном. Бујар Сабриу, адвокат од Тетово преку пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-178/18 од 06.02.2019 година.

Одлучувајќи по ревизијата на тужителот, притоа ценејќи ги и наводите во одговорите на ревизијата поднесени од првотужениот преку полномошник Државен правобранител (ДП) и второтужениот преку полном. Флора Илковска, адвокат од Скопје, Врховниот суд на ден 20.11.2019 година донел решение со кое ревизијата на тужителот СЕ УСВОЈУВА, пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ178/18 од 06.02.2019 година и пресудата на Основниот суд Тетово ТС-13/18 од 26.09.2018 година, СЕ УКИНУВААТ и предметот се враќа на повторно судење и одлучување на првостепениот суд.

Врховниот суд нашол дека основан е ревизискиот навод за сторена суштествена повреда на одредбите од член 343 став 2 точка 14 од ЗПП, а како основан го оценил и ревизискиот навод за нецелосно утврдена фактичката состојба како последица на погрешна примена на материјалното право.

По наоѓање на Врховниот суд, од утврдената фактичка состојба пониските судови извлекле спротивен и контрадикторен заклучок дека тужбеното барање на тужителот е неосновано поради тоа што истите прифатиле дека тужителот е новоформиран субјект, основан од АД Индустриски ладилник, видно од пријавата за упис Трег.бр.1670/2002 од 09.07.2002 година и дека не докажал дека е следбеник на ЗИК Тетово, па со тоа и дека немал легитимација за водење на предметниот спор, односно не е активно легитимиран субјект кој може да се јави како оштетен и да бара надомест на штета. Меѓутоа, таквата констатација не соодветствувала со утврдената фактичка состојба. Врховниот суд смета дека токму од пријавата трег.бр.1670/2002 од 09.07.2002 година произлегувало дека станува збор за усогласување на тужителот од претпријатие со општествена сопственост во трговско друштво согласно ЗТД, а судовите погрешно го примениле материјалното право без притоа со сигурност да ги утврдат околностите и фактите по однос на прашањето дали тужителот е правен следбеник на правното лице кое го имало на користење предметното земјиште, а на кое се наоѓале предметниот насад и објекти.

Во таа смисла, Врховниот суд ги оценил како основани наводите на тужителот дека во случајов од суштествено значење е што тужителот е трансформиран согласно Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал преку моделот на превземање на неговите долгови од страна на АД Индустриски ладилник и како основно средство при формирање на друштвото во 1991 година претставувале овошните насади со вишни кои се наоѓале на предметното земјиште, а кои не биле предмет ниту на приватизација

ниту на трансформација. Овие факти судовите требало да ги имаат предвид пониските судови при разграничување помеѓу сопственоста на овошните насади и на градежните објекти, од една страна, и сопственоста на земјиштето на кое сопственик неспорно е првотужениот РМ, од друга страна.

По наоѓање на Врховниот суд, видно од пријавата Трег.бр.1670/2002 година произлегува дека Претпријатие за производство на јболка и полједелство Полог ДОО увоз извоз Тетово извршило усогласување на претпријатие во трговско друштво согласно ЗТД. Усогласувањето било извршено во неговата регистарска влошка Срег.бр.1-7895-00-0-0-0 во поглед на основната главница и врз основа на одлука за усогласување од 14.02.2002 година, како и одлука за трансформација од Агенцијата од 12.12.2002 година, решение од Комисија за трансформација при Владата и одлуката за претворање на побарување на доверители во траен влог. Во пријавата за упис не било наведено основање на нов субјект, туку упис на усогласување-трансформација, а тоа, по наоѓање на Врховниот суд, доведувало до сосема поинакви правни последици во однос на правниот субјективитет на субјектите кои вршат упис. Наведените податоци за предметот на упис во пријавата укажувале дека фактичката состојба што ја утврдиле пониските судови не произлегувала од изведените докази, па од тие причини, пониските судови погрешно го примениле и материјалното право. Судовите требало да ја ценат околноста дали тужителот е правен следбеник на ЗИК Тетово кој имал корисничко право на предметното земјиште, која е од битно значење по однос на активната легитимација на тужителот по предметниот спор. Исто така, судовите требало со сигурност да утврдат што било подигнато на предметното земјиште, односно објектите и овошните насади и во чија сопственост истите биле и врз основа на утврденото да се изведуваат докази по однос на постоење на причинско – последичната врска на дејствијата на тужените по однос на уништување на насадите и објектите, односно причинување на штетата што е предмет на тужбеното барање. Според мислењето на Врховниот суд, не било од релевантно значење фактот што на тужителот не му бил продолжен договорот за закуп на земјоделското земјиште, бидејќи насадите и објектите биле претходно подигнати на земјиште кое тужителот, односно неговиот правен претходник го користеле врз законска основа и на законит начин.

Од погоре наведените причини, Врховниот суд на РСМ ја усвоил ревизијата и ги укинал првостепената и второстепената пресуда и го вратил предметот на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд со укажување да се утврдат со сигурност сите факти кои се од решително значење по конкретниот предмет, па со правилна примена на материјалното право да се донесе правилна и на закон заснована одлука.

**Предмет ТС-5/20 на Основен суд Тетово**

Основниот суд Тетово постапувајќи како првостепен суд по тужбата на тужителот Трговско друштво за производство на јаболка полоделство итрговија ПОЛОГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово против тужените Република Северна

Македонија застапувана од ДП и Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони за надомест на штета, вредност на спорот 80.6147.24,00 денари, на ден 26.02.2020 година донел пресуда ТС-5/20 со која тужбеното барање на тужителот да се задолжат солидарно тужените да му платат на име причинета штета за уништен овошен насад во износ од 48.825.000,00 денари, уништен овошен насад од јаболка во износ од 10.125.000,00 денанри на површина од 89 ХА на м.в. Рупа КО Сараќино простор наменет за градба на ТИРЗ и за срушени градежни објекти и оградна ограда во износ од 21.664.724,00 денари или во вкупен износ од 80.614.724,00 денари со законска казнена камата во висина на референтна стапка на НБРМ што за секое полугоди важела на последниот ден од полугодието што му претходела на тековното полугодие зголемена за 10% поени сметано од денот на поднесување на тужбата до конечна исплата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

По наоѓање на првостепениот суд, од изведените докази во текот на постапката и увид во целокупните списи на предметот ТС-128/11 на овој суд, правосилно завршен и потврден и со одлука на Врховниот суд Рев 1 бр. 362/13 од 17.12.2014 година, тужителот не ги докажал фактите врз основа на кои го засновува тужбеното барање и го потврдува својот легитимитет за водење на спорот, во смисла на одредбите од ЗПП и тоа член 74, член 205 ст.1 и член 208 в.в. со член 9 од истиот закон, како и член 141 ст.1 од ЗОО. Имено, со ниту еден доказ тужителот не докажал дека е оштетен од причина што не доставил докази со кои докажува дека е правен следбеник на ЗИК Тетово. Како што утврдил и во претходните одлуки, првостепениот суд наоѓа дека од пријавата Трег.бр.1670/2002 од 09.07.2002 година, можело да се утврди дека тужителот е ново формиран правен субјект како друштво ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово од основачот АД ИНДУСТРИСКИ ЛАДИЛНИК, а што било потврдено и од потврдата на Агенцијата на РМ од 21.02.2002 година според која капиталот на претпријатието ПОЛОГ ДОО е траен влог на доверителот Индустриски ладилник. Корисничкото право на предметното земјиште не му престанало на тужителот од причина што истиот никогаш немал корисничко право на тоа земјиште. Видно од известието од 10.04.2008 година, корисничкото право му престанало со одлука на Министерството за земјоделство и шумарство на правниот субјект ЗИК ТЕТОВО, односно на друг субјект, а не на сега тужителот. Во таа насока, доколку и настанала евентуална штета, оштетен би бил ЗИК Јагода Тетово, а не сега тужителот, бидејќи истиот не доставил ниту докази за извршена трансформација од општествена сопственост на ЗИК Јагода Тетово во ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово. По наоѓање на овој суд, тужителот немал законски основ за користење на предметното земјиште, па оттука немал ни основ да бара штета од тужените.

Од друга страна, во наводите на пресудата стои дека со ниту еден доказ не се докажало дека тужените со превземените дејствија му нанеле штета на тужителот, дека истите се штетници и како такви виновни за евентуалната штета. Тужителот не ја докажал ниту причинско последичната врска, па во смисла на член 141 и 145 од ЗОО нема право ни да бара штета, дотолку повеќе што истиот не докажал ниту дека е сопственик на овошниот насад и објектите.

Дека тужбеното барање е неосновано неспорно можело да се утврди и од изготвените вештачења по претходно водената постапка пред Основниот суд Тетово, ТС-128/11 во која со сигурност се утврдило дека тужителот не докажал дека е активно легитимиран да ја води оваа постапка, од исите причини, погоре наведени.

## Предмет ТСЖ-52/20 на Апелационен суд Гостивар

Против пресудата на Основен суд Тетово ТС-5/20 од 26.02.2020 година изјавена е жалба од страна на тужителот, по која во Апелациониот суд Гостивар е оформен предметот ТСЖ-52/20.

Во списите на предметот се наоѓа:

- Придружен извештај од Основен суд Тетово за предмет ТС-5/20, примен во Апелационен суд Гостивар на 11.05.2020 г., со: Пресуда ТС-5/20 од 26.02.2020 година; Жалба од тужителот против пресудата ТС-5/20 од 26.02.2020 година, изјавена преку полном. адв. Бујар Сабриу, примена во Осн.суд Тетово на 09.03.2020 година; Одговор на жалба од првотужен РСМ преку ДП Тетово примена во првостепен суд на 12.03.2020 година; Одговор на жалба од второтужен поднесена преку полном.адв. Флора Илковска примена во Основ. Суд Тетово на 17.03.2020 година ;
- Пропратно писмо од Апелационен суд Гостивар до Основен суд Тетово од 10.07.2020 г. за враќање на предмет ТС-5/20 и Пресуда на Апелационен суд Гостивар ТСЖ-52/20 од 30.06.2020 г. донесена на јавна седница;
- Записник за рочиште за одржана јавна седница пред Апелационен суд Гостивар од 25.06.2020 година;
- Записник од рочиште за објавување на пресуда од 30.06.2020 година;
- Враќање на предмет со писмен допис од Апелационен суд Гостивар до Основен суд Тетово на 09.10.2020 г. со достава на второстепената одлука;
- Придружен извештај од Основен суд Тетово за предмет ТС-5/20, примен во Апелационен суд Гостивар на ден 25.09.2020 г., со доставена ревизија од ДП Тетово;
- Пресуда Рев1-124/2020 на Врховен суд од 21.01.2021 год. доставена до Апелационен суд Гостивар на ден 14.06.2021 година и
- Пропратно писмо од Апелационен суд Гостивар до Основен суд Тетово од 14.06.2021 година за враќање на предмет со достава на Пресуда Рев1-124/2020 на Врховен суд од 21.01.2021 год.

Одлучувајќи по жалбата, имајќи ги предвид наводите во истата и наводите во одговорите на жалбата поднесени од прво и второ тужениот, Апелациониот суд Гостивар по одржување на јавната седница на ден 25.06.2020 година, на ден 30.06.2020 година ја донел пресудата ТСЖ-52/20 со која, жалбата на тужителот, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА, пресудата на Основниот суд Тетово ТС.бр.5/20 од 26.02.2020 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ПРЕСУДУВА на начин што, во делот

на изреката кој се однесува на тужбеното барање према второ тужениот, се ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО, а во делот на изреката кој се однесува на тужбеното барање према прво тужениот РСМ, ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА, поточно се усвојува тужбеното барање во износ од 76.651.656,00 денари.

Апелациониот суд Гостивар на одржаната јавна расправа, по изведување на доказите содржани во предметот ТС-13/18, кои докази биле изведени и пред првостепениот суд на расправен записник ТС-13/18 од 18.09.2008 година, врз основа на утврдената фактичка состојба, ценејќи ги и жалбените наводи на тужителот, констатирал дека основани се жалбените наводи на тужителот дека првостепениот суд не ги почитувал насоките во Одлуката Рев1 бр.87/2019 од 20.11.2019 година на Врховниот суд на РСМ во однос на утврдување на следбеноста на тужителот со ЗИК „Јагода“ Тетово и во однос на ова прашање утврдил контрадикторна фактичка состојба и донел контрадикторна констатација која не произлегува од изведените докази. Според овој суд, од изведените докази се докажало дека тужителот е правен следбеник на ЗИК ЈАГОДА Тетово. Тоа се докажувало согласно решението на Окружниот стопански суд Скопје ФИ.бр.156/65 од 13.03.1965 година со кое се запишала промена од ЗИК ЈАГОДА Тетово во Земјоделски комбинат Полог-Тетово, врз основа на решение на Собранието на Општина Тетово од 01.02.1965 година, со кое била одобрана одлуката на ЗИК Јагод – Тетово за промена на називот на субјектот. Оваа промена била запишана во регистарот под бр.297, на страна 1183 на стопанските претпријатија на Стопански суд – Скопје. Подоцна, врз основа на одлуката за спојување од 03.12.1966 година, со Решение на Окружниот стопански суд Скопје ФИ.бр.200/67 од 06.03.1967 година, било извршено спојување на Земјоделски комбинат „Полог“-Тетово со ЗЗ „Вардар“ Брвеница и Земјоделско сточарство, стопанство „Борец“ с. Лешок и во регистарот на стопански претпријатија и дуќани при Окружниот стопански суд Скопје, се запишува како ЗИК „Тетово“-Погон „Полог“-Тетово. Согласно решението С.рег.бр.272/91 од 24.01.1991 година, судот утврдил дека во Окружниот стопански суд Скопје во регистарската влошка С.рег.бр.1-7895-0-0-0 Скопје е извршен упис на основање на претпријатие за производство на јаболка и полједелство „Полог“ ДОО Тетово, а согласно актот 02-66 од 2612.1990 година на основачот Општествено претпријатие ЗИК Тетово. Согласно пријавата за упис во трговскиот регистар за ДОО „Полог“ Тетово било извршено усогласување поднесена врз основа на одлуката за усогласување од 14.02.2002 година, а согласно Законот за трговски друштва, извршен е упис за усогласување на Претпријатието за производство на јаболка и полједелство Полог ДОО Тетово во Трговско Друштво за производство на јаболка, полјоделство, трговија, угостителство и услуги „Полог“ ДООЕЛ-Тетово, во неговата регистарска влошка Срег.бр.1-7895-00-0-0-0. Врз основа на наведеното како и врз основа на одлуката за трансформација од Агенцијата бр.02-5983/2 од 12.12.2002 година, Решението од Комисијата на Владата за трансформација, одлуката за претварање на побарување на доверители во траен влог преку моделот за превземање на долговите од ЗИК Тетово ДОО-Полог од страна на АД Индустриски Ладилник, кој станал целосен сопственик на сега тужителот на целокупната негова актива и пасива, во што биле вклучени и предметните

овошни насади и градежни објекти, подигнати на површина од 977470 м2, по наоѓање на овој суд, тужителот е правен следбеник на ЗИК „Јагода"-Тетово од кој субјект со Одлука на Владата на РМ број 19-3779/1 од 19.06.2007 година му било одземено предметното земјиште, а на кое фактичко владение имал тужителот.

Во поглед на овошниот насад и градежните објекти, предмет на тужбеното барање, од изведените докази, по наоѓање на судот се докажало дека истите се сопственост на тужителот. Од потврдата на Агенцијата на РСМ судот утврдил дека се потврдило да структурата на капиталот на претпријатиeто Полог ДОО Тетово, 100% е траен влог на доверителот АД Индустриски Ладилник –Тетово. Во постапката за приватизација и трансформација биле приватизирани предметниот овошен насад и објектите на предметното земјиште, а што било потврдено од листата на проценети овошни насади и од прегледот на недвижниот имот –објекти предмет на трансформација, воедно од извршеното вештачење СВ IV81/15 од 14.04.2015 година се констатирало покрај другото дека од страна на РСМ во текот на 2013 година на тужителот му се одземени овошните насади и објектите кои се наоѓале на м.в. Рупа КО Сараќино, а кои биле во сопственост на Полог ДОО Тетово, а со приватизацијата истите станале сопственост на сега тужителот, кој ги книжел како основни средства до 30.11.2013 година, а од 01.12.2013 година, се воделе како вонбилансно. На таа основа, тужителот бара штета поради уништување на истите.

Во однос на постоење на причинско-последичната врска и за причинителот на штетата, Апелациониот суд Гостивар утврдил дека со Одлука на Владата на РСМ бр.51-2447/1 од 18.05.2010 година е основана ТИРЗ Тетово на земјиште на прво тужениот со вкупна површина од 967475 м2, во која зона е влезено и предметното земјиште со овошниот насад и објектите во м.в. Рупа КО Сараќино, откако претходно е одземено земјоделското земјиште од ЗИК ЈАГОДА Тетово, кој сеуште се водел како сопственик иако фактичкото владение го имал сега тужителот, односно без претходно да се расчистат имотно-правните односи и без да се изврши записнички примопредавање на земјиштето на кое фактичкото владени го имал тужителот, а кој бил сопственик на овошниот насад и објектите. Прво тужениот РСМ, застапуван од ДТИРЗ-Скопје, во согласност со член 12 ст.4 од Законот за технолошки индустриски развојни зони, ги вршел работите од надлежност на основачот и во име на основачот-Владата на РСМ, па во својство на јавен партнер на ден 05.04.2013 година, го склучил договорот за јавно приватно партнерство со Друштвото за инвестиција Нормак Инвестмен Груп АД Тетово, кој приватен партнер врз основа на склучениот договор во текот на 2013 и 2014 година превзел дејствија на градба во зоната, оградувајќи ја целосно со ограда од надворешна страна. Со ваквите дејствија му било оневозможено на сега тужителот да го обработи овошниот насад и да ги користи објектите, а подоцна со превземање на градежни работи (расчистување на теренот и припрема на работите за изградба) во ТИРЗ Тетово, целосно биле уништени овошниот насад и срушени градежните објекти, без претходно да се расчистат имотно-правните односи со тужителот во соодветна постапка, со што му била предизвикана штета. Оттука, предвид одредбата од член 12 ст.4 од

Законот за технолошки индустриски развојни зони и членот 7 од Одлуката бр.51-2747/1 од 18.05.2010 година за основање на ТИРЗ-Тетово, како и предвид фактот што одземањето на корисничкото право на земјоделското земјиште било извршено врз основа на донесената одлука од Владата на РМ бр. 19-3779/1 од 19.06.2007 година, второстепениот суд оценил дека правилна е одлуката на првостепениот суд во делот каде тужбеното барање на тужителот према второ тужениот ДТРИЗ - Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО, бидејќи по оценка на овој суд второтужениот ДТИРЗ – Скопје, нема пасивна легитимација во овој спор за надомест на штета, бидејќи како е наведени погоре, сите дејствија што ги превземал ги вршел во име на првотужениот.

Имајќи ги предвид одредбите од Законот за облигационите односи и тоа член 141 ст.1, член 142, член 145, член 174 и член 175, како и утврдената фактичка состојба Апелациониот суд Гостивар одлучил дека е утврдена активната легитимација на тужителот и пасивната легитимација во овој спор на прво тужителот РСМ. Од тие причини судот одлучил дека тужбеното барање е основано према прво тужениот РСМ поради што го задолжил да му плати на тужителот на име штета за уништениот овошен насад од вишни износ од 48.825.000,00 денари, за уништен овошен насад од јаболка износ од 10.125.000,00 денари и за срушените објекти износ од 17.71.565,00 денари или вкупен износ од 76.651.656,00 денари, со законска казнена камата во висина на референтна стапка на НБРМ што за секое полугоди важела на последниот ден од полугодието што му претходела на тековното полугодие зголемена за 10% поени сметано од денот на поднесување на тужбата до конечна исплата, а поголемото тужбено барање за разлика во износ од 3.963.159,000 денари на име причинета штета за дел од срушените објекти и за жичната ограда, го одбил како неосновано. Во однос на видот и висината на штетата по наоѓање на судот, тоа се утврдило од вештачењето СВ IV81/15 од 14.04.2015 година, изготвено по барање на тужителот, а од друга страна, тужениот не доставил доказ дека штетата не е причинета.

При одлучувањето судот го имал во предвид и приговорот истакнат од тужениот РСМ за пресудена работа, меѓутоа оценил дека видно од списите на предметот ТС-128/2011 по кој предмет била донесена пресуда ТС-128/2011 од 16.03.2012, потврдена со Пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-268/12 од 18.06.2013 година, приговорот е неоснован бидејќи се утврдило дека тужбените барања не се поднесени врз основа на ист животен настан. Тужбата заведена под ТС-128/2011 била поднесена за превземени дејствија на тужениот до 2011 година, за кои се констатирало дека не била предизвикана штета на тужителот, додека предметната тужба била поднесена поради евентуално превземени дејствија на тужениот РСМ во текот на 2013 и 2014 година, односно по причинувањето на штетата односно по дознавањето за причинетата штета.

По однос на приговорот за застареност на тужбеното барање овој суд имајќи ги предвид одредбите од член 365 од ЗОО, за рокот за застарување на штетата, го одбил како неоснован од причина што предметната тужба била поднесена на 23.04.2015 година, а се утврдило дека штетата е причинета по превземените дејствија од страна на приватниот партнер согласно склучениот

договор од 05.04.2013 година помеѓу тужениот РСМ, тогаш РМ, застапуван од ДТИРЗ-Скопје, во својство на јавен партнер и Друштво за инвестиција Нормак Инвестмен Груп АД Тетово, во својство на приватен партнер.

**Предмет Рев1.бр.124/2020 на Врховниот суд на РСМ**

Предметот е оформен во Врховниот суд по поднесена ревизија од страна на првотужениот РСМ изјавена преку ДП на РСМ против пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-52/2020 од 30.06.2020 година.

Врховниот суд одлучувајќи по изјавената ревизија, на седницата одржана на ден 21.01.2021 година ја донел пресудата Рев1.бр.124/2020 со која ревизијата на првотужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА. По наоѓање на овој суд, како неоснован е оценет наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда на член 343 ст.2 точка 14 од ЗПП, од причина што побивата пресуда била јасна и разбирлива, содржела доволно образложени факти и како таква истата можела во целост да се испита.

Како неоснован е оценет и ревизискиот навод за погрешна примена на материјалното право. По наоѓање на Врховниот суд, Апелациониот суд Гостивар во побивата пресуда правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба врз основа на изведените докази и врз основа на така утврдената фактичка состојба правилно го применил материјалното право.

**<u>ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА</u>**

1.- Долго траење на постапката.

Спорот помеѓу тужителот ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово против тужените Република Македонија и Дирекција за технолошко индустриски развојни зони Скопје (ДТИРЗ Скопје), по основ на надомест на штета заради уништени овошни насади и градежни објекти во м.в. Рупа КО Сараќино, вредност на спорот 120.000.000,00 денари, започнал во март 2011 година, а завршен е со донесување на Пресудата на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-52/2020 од 30.06.2020 година, потврдена пресуда на Врховниот суд Рев1.бр.124/2020 од 21.01.2021 година. Во овој период тужителот во три наврати има поднесено три одделни тужби од тужителот против истите тужени, за надомест на штета за уништени овошни насади и објекти на истата локација. Во наведениот период, по тужбите на тужителот донесени се четири одлуки на Врховниот суд и тоа: Рев1- бр.362/13 од 17.12.2014 година, Рев1-211/2015 од 24.01.2017 година, Рев1-87/19 од 20.11.2019 година и Рев1-124/2020 од 21.01.2021 година.

2.- Клучно прашање во предметниот спор е дали тужителот има активна легитимација за водење на спорот. Од правилно утврдување на овој факт зависи понатаму правилно утврдувањето на останатите факти и околности: прашањето за постоење, односно непостоење на

пасивната легитимација на тужените, дали е настаната евентуална штета и причинско последичната врска помеѓу тужените и евентуално настанатата штета. Судовите врз основа на исти докази поднесени во првата тужба, имаат различен став по однос на овие спорни прашања.

Основниот суд Тетово по однос на активната легитимација на тужителот за водење на овој спор, во своите одлуки е дециден и не го менува ставот дека тужителот нема активна легитимација за водење на предметниот спор.

Апелациониот суд Гостивар по однос на прашањето за активната легитимација на тужителот во своите одлуки има различни ставови како по однос на прашањето за постоење на активната легитимација на тужителот, така и по однос на пасивната легитимација на тужените.

Врховниот суд на РСМ во одлуката Рев1-362/2013 наоѓа дека тужителот нема активна легитимација за водење на спорот, тужените немаат пасивна легитимација, за да во одлуките Рев1-87/19 и Рев1-124/2020, врз основа на истите докази, наоѓа дека тужителот е активно легитимиран за водење на спорот, прво тужениот РМ има пасивна легитимација, настаната е штетата во наведениот износ и докажана причинско последичната врска помеѓу дејствијата превземени од прво тужениот и настанатата штета.

3.- Со оглед на погоре констатираното, а предвид фактот дека станува збор за наводи во одлуки кои биле предмет на оцена од страна на повисоките судови по изјавен правен лек, Работната група цени дека нема основ за превземање на било какви дејствија од страна на Судскиот совет на РСМ во смисла на член 62 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Сепак, со оглед на сериозноста на состојбата и сомневање за законитоста на наведените судски одлуки (Решение на Врховниот суд Рев1-87/2019 од 20.11.2019 година, пресуда на Апелациониот суд Гостивар ТСЖ-52/2020 од 30.06.2020 год. и пресуда на Врховниот суд Рев1-124/2020 од 21.01.2021 година), како се наведува во дописот доставен од ДКСК и врз основа на кои биле исплатени средства на име надомест на штета во износ од 137.528.067,00 денари во полза на ПОЛОГ ДООЕЛ Тетово, Работната група предлага Извештајот со списите на предметот на Советот да се доставаат до надлежното Јавно обвинителство на нивна надлежност и понатамошно постапување и за истото да се извести ДКСК, а во прилог да им се доставаат заклучните согледувања од Извештајот.

СУДСКИ СОВЕТ НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ханиф Зендели, член и координатор

на Работната група

Весна Дамева, член на Работната група

м-р Тања Чачарова-Илиевска, член на Работната група